**Павковиќ Елизабета (Скопје, Македонија)**

# ЧОВЕКОТ ВО МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА, КУЛТУРА – ОПШТЕСТВО – ПОЕДИНЕЦ

Конкурс за средношколци

Во рамките на кампањата за промоција на своите студии, Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет од Скопје, во февруари 2008 година, распиша конкурс наменет за ученици во средните училишта со генерална тема: **„Човекот во минатото и сегашноста, култура – општество – поединец“**. За учество на конкурсот беа поканети ученици од трета и четврта година од сите средни училишта во Македонија. Беа предвидени две категории, и тоа:

– **категорија есеј** со следниве работни поттеми:

1. Исхраната во Македонија некогаш и денес;
2. Изворната музика;
3. Хероите на Македонија на кои им се восхитувам;
4. Облеката во минатото и/или денес;

– **категорија фотографија** со следниве поттеми:

1. Прослави и празници;
2. Ѕидовите зборуваат: графитите во мојот град;
3. Занаетчии и занаети;
4. Накит, украсување, шминка, фризура.

Конкурсот беше објавен на веб-страницата на Институтот, неколку блогови, а истовремено беа испратени писмо и плакати до сите средни училишта во Македонија во кои беа наведени правилата и критериумите за учество. До 31 март 2008 година, кога беше крајниот рок за прием на трудовите, беа пристигнати вкупно 15 есеи и 64 фотографии од 20 кандидати. За разгледување и оценување на пристигнатите работи беа формирани две комисии, за секоја категорија одделно, кои одлучија да доделат по една прва, по две втори и по две трети награди.

Наградени беа следниве кандидати:

I. од категоријата есеј:

– прва награда – компјутер – освои Хермина Гаџова, ученичка од Ресен, за текстот со наслов „Изворната музика“;

– втора награда – комплет од 8 книги – добија Сања Никева од Охрид за текстот „Облеката некогаш и денес“ и Мики Делев од Струмица за „Хероите на Македонија на кои им се восхитувам“;

– трета награда – ручек за двајца и комплет од 3 книги – добија Ангела Чурева од Скопје за текстот „Исхраната во Македонија некогаш и денес“ и Митко Петков од Богданци за „Изворна музика“;

II. од категоријата фотографија:

– прва награда – дигитален фотоапарат – освои Богданка Фити од Крушево за фотографијата со наслов „Бочвар“;

– втора награда – комплет од 8 книги – добија Филип Петковски од Скопје за фотографијата „Водици во Битуше“ и Елена Ѓероска од Скопје за „Графити“;

– трета награда – ручек за двајца и комплет од 3 книги – добија Велко Николоски од Крушево за „Коњаницата на Питу Гули“ и Викторија Бачварова од Скопје за „Изработка на накит“.

Наградите беа врачени на пригодна свеченост на 10 мај, во просториите на Институтот.

Двете први награди, компјутер и фотоапарат, ги обезбеди Институтот за етнологија и антропологија. Книгите кои беа доделени за вторите и третите места беа подарени од Библиотеката на МАНУ, Издавачката куќа „Матица македонска“ и Институтот за етнологија и антропологија, а третите награди беа спонзорирани од мезе-барот „Сопотско“. На сите нив најсрдечно им благодариме за поддршката и помошта!

Овој конкурс, осмислен и реализиран од тимот асистенти и демонстратори на Институтот, имаше за цел да ги запознае и заинтересира средношколците за етнологијата и антропологијата, како и да го подобри образувањето на високостручни кадри кои ќе придонесат за понатамошниот развој на науката во Република Македонија. Пројавениот интерес и квалитетот на пристигнатите трудови зборуваат за заинтересираноста на младите за традицијата, но и за современите случувања во општеството, со што се потврдува идејата ваквиот вид на активности на Институтот за етнологија и антропологија да продолжи и во наредните години.